**Предлог**

Врз основа на член 22, став 1, точка 13 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа(„Сл. весник на РМ“ бр. 5/02), член 16 и член 20 од Законот за младинско учество и младински политики ( „Сл. весник на РСМ“ бр. 10/20) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а на предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ___.11.2023 година ја донесе следната

# ПРОГРАМА
## За активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2024 година

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Поддршка на работата на Локалниот младински совет на Општина Велес, преку реализација на активности за учење и развој на членовите на Локалниот младински совет, со цел иницирање на активности поврзани со колективниот развој на младите во градот, донесување на Локална Стратегија за млади на Општина Велес и друго;
- Создавање услови за поддршка на младински организации и организации за млади со цел реализирање на активности чија целна група се младите од Општина Велес;
- Поддршка на работата на Младинскиот центар во Општина Велес, со цел афирмација на Општина Велес во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

## II. АКТИВНОСТИ

За реализирање на целите на оваа Програма, Општина Велес ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси.

Општина Велес на младите ќе им помага преку:

- Поддршка во реализирање активности согласно Националната Стратегија за млади, Програмата за работа на Локалниот младински совет и Младинскиот центар, како и преку учество во партнерски проекти со организации за млади и младински организации кои делуваат на локално и национално ниво, во тесна соработка со Агенцијата за млади и спорт, младински чадор организации, Делегацијата на Европската унија, други меѓународни и национални организации и слично.

Во контекст на ова, активностите најмногу ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на младинскиот активизам, негово проширување и надградување.

| | Активностите на Општина Велес<br>за поддршка на младите во 2024 година | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **550.000,00** |
| 1.1. | Поддршка на активности на Локален младински совет на Општина Велес (изработка на Локална стратегија за млади) | 100.000,00 |
| 1.2. | Поддршка на активности на Младински центар во Велес | 450.000,00 |
| **ВКУПНО** | | **550.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е од Буџетот на Општина Велес, спонзорства и донации.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност, квалитет и општ интерес ќе се појават во текот на 2024 година, доколку е потребно ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на општината.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства, Општина Велес активностите на младите ќе ги помага и со:

- Доделување награди и признанија;
- Обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- Учество на промотивни и протоколарни средби;
- Организирање кампањи за потенцирање на потребата од вклучувањето на младите во ЛЕР, професионална ориентација и подобрување на стандардот за живеење;
- Организирање анкети за утврдување на интересот и насочување на сферите на делување на општината.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.01.2024 година.

Претседател<br>
на Советот на Општина Велес<br>
Зоран Љутков с.р.

**Образложение**

Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите во 2024 година претставува континуитет од Програмата за 2023 година.

Општина Велес ги имплементира законските одредби произлезени од Законот за младинско учество и младински политики, а со тоа се овозможува поддршка на работата на Локалниот младински совет на Општина Велес, меѓу кои и донесување на Локална Стратегија за млади на Општина Велес заедно со Акциски план, поддршка на работата на Младинскиот центар во Општина Велес, преку реализирање на активности од годишната Програма за работа на Младинскиот центар. Сето тоа овозможува создавање услови за поддршка на младински организации и организации за млади, но и на поединци, со цел реализирање на активности чија целна група се младите од Општина Велес.

Преку учеството во партнерски проекти со организации за млади и младински организации и/или младински чадор организации, Општина Велес овозможува поддршка и афирмација на волонтерското работење, младинскиот активизам и генералната поддршка на младите од градот и целата територија на Општина Велес.